

# ОПШТИНА
# КАВАДАРЦИ

# 100 ДЕНА
## ГРАДОНАЧАЛНИК
## МИТКО ЈАНЧЕВ



Почитувани кавадарчани,

Вашата дадена поддршка за втор мандат, за мене значеше соочување со уште поголеми предизвици за брзо реализирање на сите планирани проекти. Предизборната програма почна да се планира но и да се реализира од првиот ден од новиот мандат.

По изминати 100 дена, заедно со службите, но и со Вас, драги сограѓани, сме сведоци на голем број реализирани проекти.

Не застанавме во ниту еден момент, континуирано се работи за убаво Кавадарци.

Во овој отчет за сработеното во првите 100 дена од овој мандат се забележани сите реализирани и отпочнати проекти, сите настани, сите средби кои се досега остварени.

Јас силно верувам дека, исто и како во претходниот мандат, предизборната програма ќе се реализира во многу краток временски период. Имаме 4 години за да ги реализираме планираните но и нови проекти кои произлегуваат од Вашите барања и потреби.

Кавадарци веќе одамна отскокнува од другите општини во инфраструктурата, економскиот развој, туристичката понуда но и стана општина во која се живее безбедно и квалитетно.

Идните генерации веќе имаат одлични услови за образование а потоа и градење кариера и создавање семејство.

Веќе се реализирани голем број на капитални проекти , а неколку големи проекти се во завршна фаза. Ова е голем успех не само за мене, не само за Општина Кавадарци, најмногу за вас драги кавадарчани.

Како и во претходниот мандат, заеднички создаваме убаво Кавадарци.

Со почит,
М-р Митко Јанчев

Тампонирање на крак на ул.Праведничка, а потоа и поплочување со бехатон коцки со површина од 300 м2. Изведувач е фирмата ДГТ “Градба Промет” ДОО Кавадарци.



Во с.Марена се изврши асфалтирање на површина од 1700 метри квадратни. По истиот договор се изврши и поплочување со површина од 1500 метри квадратни. Вкупната инвестиција во износ од 4 000 000 денари е од Општина Кавадарци, а изведувач на работите е фирмата Градба Промет.

Асфалтирањето на ул. Наца Пинцурова. Изведувач на работите е фирмата Ескаватори а вкупната површина на асфалтирање е 440 метри квадратни.





Асфалтирање на последниот дел од ул.Пиринска а со тоа целата улица доби комплетно нов лик. Изведувач на работите е фирмата Ескаватори а вкупната површина на асфалтирање е околу 800 метри квадратни.

Поплочување на улици во УЗ Страшо Пинцур. Поплочување на крак од ул.Дисанска со површина од 400 метри квадратни.

Асфалтирање на ул. Моклишка. Се асфалтира површина од 680 метри квадратни и должина 120 метри. Изведувач на работите е фирмата Градба промет.

Во завршна фаза е реконструкцијата на фасади на станбените згради, односно фарбање на истите и санација на оштетените делови и тоа на ул. Страшо Пинцур бр 63 во Урбаната заедница Слога, а ќе се започне и реконструкција на зградите на ул. Беласица 1,3,5 и 7.
Изведувач е фирмата Градба Промет, а вкупната инвестиција за сите чини 4.126.460 денари.



Реконструкција на фасадите на станбените згради во Урбаните заедници Ќиро Крстев и Страшо Пинцур. Фарбани и санирани се оштетените делови на зградите на улиците Ленинова, и Иво Андриќ. Во тек е реконструкција на зградата на ул. 7 Септември



бр. 64, по што следуваат и останатите. А, потоа ќе се продолжи со реконструкција на фасадите и на зградите на улицата Блажо Алексов.

Изведувач е фирмата Автоматско технолошки системи ДООЕЛ Скопје, а целата инвестиција е во вредност од 5.787.428 денари.

Целосно е завршен патот од Браната ХЕЦ Тиквеш до населба Голеш и с.Шешково, кој е комплетно тампониран во должина од 8 километри.



Извршено е порамнување и тампонирање на локалниот пат од с.Раец до с.Ќесендре. Истиот е во должина од 4 километри и одводнувањето за



атмосферска вода на цела делница ќе биде решено преку одводни канали и пропусти од цевки.

Изведувач е фирмата Портланд Струмица.

Поплочување на паркинг за згради на ул. Цветан Димов, согласно договорот за поплочување на Урбаната заедница Љубаш. Истото се врши со бехатон плочки на површина од 550 м2.

Изведувач е фирмата Градба Промет, Кавадарци.



Асфалтирање на ул. Глигор Прличев, односно спојување на два крака на кои ќе се стават и рабници, истата е со површина од 500 м2, и должина од 100 метри.

Поплочување на тротоар на ул. Крсте Мисирков, согласно договорот за поплочување во Урбаната заедница Киро Крстев. Изведувач е фирмата Павер Трејд.



Целосно е завршена и асфалтирана последната, од многуте улици во Урбаната заедница Задругар.
Истата е со површина од 800м2, а изведувач е фирмата Ескаватори Скопје.



Поплочување на ул.Ванчо Николевски, спој со ул.Боро Ваташки во село Ваташа.
Изведувач на работите е фирмата Павер Трејд.

Поплочување на крак со површина од 130 м2 на ул.Орце Николов.
Изведувач е фирмата Павер Трејд.



Се подобрува патната инфраструктура во руралните средини !
Патот до с.Фариш во должина од околу 350 метри односно 1300 м2 е комплетно асфалтиран.
Изведувач е фирмата ВЕ Груп од Радовиш, а инвестицијата е во вредност од 1.984.000 денари.

Реконструкција на ул.Дисанска, која е во рамките на проектот за поврзување на локални патишта. Истата ќе добие завршно асфалтирање во должина од 325м, и проширување на коловозот во ширина од 8.5 метри.



Овие средства на општина Кавадарци и се доделени од Владата преку заем на Светска банка, кој ќе се реализира од Министерството за транспорт и врски со цел подобрување на локалната патна инфраструктура. Изведувач е фирмата Жикол од Струмица.



Асфалтирање на ул.Моклишка со површина од 660 м/2, која беше во склоп на договор за асфалтирање со други улици. Изведувач е фирмата Градба Промет.

Асфалтиран е дел од ул. Глигор Прличев, со должина од 110м, и ширина 5 метри.



Поплочување на уште едно паркинг место за зградите на ул.Цветан Димов, согласно договорот за поплочување на Урбаната заедница Љубаш. Изведувач е фирмата Градба Промет.

Реализирање на проектот за водоснабдување на село Брушани, Брушански Залив и целокупната викенд населба. Ќе се реализираат околу 600 нови приклучоци на водоводниот систем Лукар.
Проектот чини 700 илјади евра, а ќе се реализира во три фази. „После 20 години за прв пат општината реализира ваков поголем проект за водоснабдување надвор од градот. Моја лична тенденција е сите викенд населби да добијат водоснадување и канализациона мрежа" рече во изјава за КТВ, градоначалникот на Кавадарци, Митко Јанчев.
Тој најави дека од почетокот на следната недела почнува реконструкција на патот од Дреново до регионалниот пат во должина од околу 4 км. И овој проект е дел од ТАФ програмата.



Асфалтирање на ул. Јованче Велков, согласно договорот за асфалтирање на повеќето улици, кој вкупно изнесува 3.643.974 денари плус ДДВ. Истата е широка 5.5. метри, а долга 180 метри.
Изведувач е фирмата Градба Промет.

Започна реконструкцијата на оштетениот дел од асфалтот на „Северен булевар" во Кавадарци. Реконструкцијата е на трошок на компанијата „Градба промет" која го изведуваше овој проект, а оштетувањата на асфалтот се причинети од тешките товарни возила

кои поминуваат на овој дел, особено во текот на летните месеци, кога температурите се и над 40 степени.



Подготовка за асфалтирање на делови од ул.Февруарски поход и Јованче Велков, согласно договорот за асфалтирање на повеќето улици. Изведувач е фирмата Градба Промет.



Се работи на проширување на улица „Дисанска“ која води до фудбалскиот стадион, градскиот парк и населбата „Парк“ во Кавадарци.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДИ НА СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ







Поставување на нова урбана опрема на улиците Илинденска, Шишка, Ресавска и Мито Хаџи Василев Јасмин.
Корпи и клупи се поставени и на сите Детски игралишта, на Парк поланата, на Паркот на револуцијата и на пешачката патека до излетничкото место 12 Ваташки деца.
Поставени се вкупно 84 корпи во износ од 877.212 денари и 127 клупи кои чинат 1.243.838 денари.
Изведувач на работите е кавадаречката фирма Метал Апостолов.



Завршено е и детското игралиште во населба Глишиќ. Овде беа поставени гумена подлога, нови дрвени детски играчки, и се репарираа веќе постоечките. Со овој проект беше опфатено и кошаркарското игралиште на кое се монтираа нови дрвени табли со обрач и мрежа. Двете игралишта се оградени со метална ограда и фарбани, со исполна од биговано и минимизирано плетиво.
Изведувач е фирмата Метал Апостолов, а проектот чини 1.012.942 денари.

Реконструкција на фекална канализација ф200 во должина од Л =60м на ул. Лазо Мицев од страна на ЈП Комуналец-Кавадарци.



Екипа од ЈП „Комуналец“ ОЕ „Паркови и зеленило“ работи на хортикултурно уредување на зелени површини во градот.
Според планот со есенска акција беа засадени 3800 корени на пролетни љубичици. Есенското хортикултурно уредување опфати садење на цвеќе и на останатите зелени површини, на плоштадот, на кружните текови, во Градскиот парк, како и на новите зелени површини. Овој вид на љубичици е издржлив и отпорен на ниски температури.

Почнувајќи од село Ваташа започна снимањето на цела подземна водоводна, канализациона и атмосферска инсталација. Самиот проект ќе биде изведен на територијата на целата општина со заеднички средства на Локалната самоправа и ЈП Комуналец Кавадарци и се предвидува да се заврши во период од шест месеци.



Поврзувањето на водоводната линија од средна и ниска зона.
Во завршна фаза е и изградбата на петтата централа за производство на електрична енергија кај старите резервоари над селото Ваташа, инвестиција на ЈПКомуналец, која се очекува за краток период не само да ги врати вложените инвестиции, туку со самото производство на електрична енергија да ја подобри и состојбата на услугите кон граѓаните.
Изведувач на работите е Градба Промет!



Во тек е изградбата на фекална и атмосферска канализација, како и водоводна мрежа на ул.Ѓорѓи Соколов во должина од 500 метри.
Изведувач е Ќа-Ну Компани од Скопје, и ова е целосна инвестиција на Општина Кавадарци која чини 2.400.000 денари.

Партерно уредување на паркинзи околу зградите на ул. ,,Вељко Влаховиќ" и Булевар Македонија.

Ангажираната оператива за интервенции на јавното улично осветлување работеше на поставување на последната фаза од ново улично осветлување на ул.Ристо Миов и новиот парк кај споменикот Киро Крстев. Со реализацијата на овој проект значително ќе се подобрат условите за живеење во овој дел од градот.

# НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА „СОНЦЕ“





Интензивно се работи на тоа Градскиот зелен пазар да го добие својот нов лик. Лик на нов современ зелен пазар со две нивоа за паркирање и едно ниво за продажба на свежи зелени производи, но и производи кои бараат посебни услови. Завршена е фекалната канализација, а сега се врши оплатирање и армирање на плоча на кота на 0.0, и оплатирање на потпорни ѕидови на соседни објекти на ул. Зелен Пазар.





Новиот парк Киро Крстев, е во функција.Паркот е со целосно нов изглед, функционален и направен со цел нашите граѓани да имаат уште едно катче за разонода, рекреација и прошетка со најблиските.
Реализацијата на овој проект е донација од компаниите ,,ЈА МИ” и ,,З Транспорт”. Нов парк во градот.

Спортската сала во О.О.У ,,Страшо Пинџур” е во функција и истата се изгради за помалку од една година и сега учениците ќе имаат можност наставата по физичко образование да ја изведуваат во овој објект. Градоначалникот Митко Јанчев истакна дека ова е последна изградба на спортска сала во училиштата во градот и во наредниот период ќе се започне со изградба на вакви објекти и во подрачните училишта.



Изградбата на Спортска сала во О.О.У ,,Димката Ангелов Габерот”во Ваташа е во завршна фаза. Увид во градежните работи изврши градоначалникот Митко Јанчев, каде што најави и дека салата ќе биде пуштена во функција до крајот на февруари. Станува збор за комплетна инвестиција на Општина Кавадарци во вредност од 18 милиони денари.

Во завршна фаза е изградбата на капелата на муслиманските гробишта во Кавадарци. Градоначалникот Митко Јанчев изврши увид во градежните активности и најави дека објектот ќе биде во функција за околу еден месец. Изградбата и опремувањето на капелата чини три милиони денари.

Завршена е изградбата на соблекувалните во село Сопот. Соблекувална по сите стандарди, првпат во село Сопот. Вредност од 1.700.000 илјади денари. Подобрување на условите на сите спортисти за тренинг и натпревари.Две простории, за домашни и гости, со санитарни чворови, кујна и просторија за делегати и судии.



После 40 години Кавадарци денеска доби нова детска градинка. Во објектот „Сонце“ кој ќе работи во склоп на детската градинка „Рада Поцева“ ќе се згрижуваат 142 деца во седум групи. Новата градинка е изградена и опремена по современи стандарди, а чини 57.4 милиони денари. На свеченото отворање присуствуваа министерката за труд и социјална политика, Јагода Шахпаска, градоначалникот Митко Јанчев и директорката на градинката Цанка Добринова. Во изминативе четири години, заедно со новиот објект, капациетот на градинката е проширен за 380 места, со тоа Кавадарци нема повеќе проблем со капацитет за згрижување на деца во градинка.



Промена на прозорите во зградата на Локалната Самоуправа Кавадарци. Објектите кои ќе бидат опфатени со овој договор се и основните училишта Страшо Пинџур од село Дреново, Страшо Пинџур од село Возарци и Тошо Велков Пепето Кавадарци, како и амбулантата во село Возарци. Средствата се во висина од 2.726.585 со вклучен ДДВ и се обезбедени од Владата согласно програмата за намалување на аерозагадувањето за 2021 година.

И оваа година официјално се пушта лизгалиштето, 4 –та година по ред истото ги задоволува потребите на најмладите преку училишни спортови, да можат бесплатно да имаат лизгање,занимација дружба и рекреација.Ова лизгалиште ќе работи се додека дозволуваат временските услови, односно во наредните 10тина дена се надеваме дека ќе биде во функција бидејќи се прогнозираат по ниски температури. Од раните утрински часови можат да го користат сите дечиња па се до навечер до 21часот, секако во придружба со стручни лица, по физичко и здравствено образование.





Проектот кој опфаќаше промена на сите ЛЕД светилки во С.О.У ,,Ќиро Спанцов Брко" е целосно реализиран. Сменети се ЛЕД светилките во холот на училиштето, училниците, канцеларијата на наставниците и останатите канцеларии, како и канделабрите и рефлекторите во дворот на објектот.
Вредноста на истиот изнесува 1.939.188 денари.

Во просториите на Општина Кавадарци, градоначалникот Митко Јанчев имаше средба со Министерот за животна средина Насер Нуредини, на која присуствуваа и пратениците во Републичкото собрание, директорите на ХЕЦ Тиквеш и Водостопанство Тиквеш, како и сите засегнати страни од Иницијативата за спас на Тиквешкото езеро на која беа донесени низа заклучоци.
Обраќање на градоначалникот Митко Јанчев по повод иницијативата за спас на Тиквешкото езеро.
-Оваа иницијатива не треба да се гледа како политика,туку треба сите да се обединиме за да го зачуваме кавадаречкиот бисер,кој е од витално значење за градот.



Започнаа градежните активности за реконструкција и санација на делови во О.О.У„Страшо Пинцур” Кавадарци. Ова значи дека во иднина ќе се подобрат условите за работа и одвивање на квалитетна настава за учениците.Целосната инвестиција е од Министерството за образование и наука.

Започна реконструкцијата на О.О.У „Димката Ангелов Габерот Кавадарци” подрачно училиште во село Сопот.



Во тек се поголеми градежни зафати кои се однесуваат на изградба на комплетно нови тоалети, реконструкција на ходниците и поставување на комплетно нови внатрешни врати, промена на сите подови и реконструкција на ѕидовите и плафоните, целосна замена на електричната инсталација во училиштето и поставување на ново осветлување во целото училиште. Значително ќе се подобрат условите за изведување на настава, енергетската ефикасност, а учениците ќе добијат современо училиште, во кое се остварува воспитно-образовен процес согласно најсовремените стандарди.



Со грант поддршка од амбасадата на Полска во земјава целосно е опремен кабинет по биологија и хемија во ООУ „Димката Ангелов Габерот“ во Кавадарци. Неговата екселенција, амбасадорот Војциех



Тициньски имаше работна средба со градоначалникот на општина Кавадарци, Митко Јанчев. Во изјава за медиумите нагласија дека соработката ќе продолжи и во наредниот период на други проекти.

Се реновираа училници на 1 кат во училиштето Тоде Хаџи Тефов со што се подобри нивниот естетски изглед, како и хигиенските услови и тие добија нов сјај.





Училниците на први кат во О.У. ,,Тоде Хаџи Тефов”се комплетно опремени со нови клупи, столчиња и катедри. Учениците во второто полугодие може да уживаат во прекрасниот изглед на училниците!

Во изминатиот период согласно договорот за јавна набавка и во соработка помеѓу Владата и Општина Кавадарци, беа променети прозорите во О.О.У ,,Страшо Пинџур” во селата Дреново и Возарци.



Започната е реконструкцијата на О.О.У ,,Страшо Пинџур” во с. Возарци.
Во тек се градежни зафати кои се однесуваат на изградба на комплетно нов кров, реконструкција на фасада и градежно занаетчиски работи во внатрешноста на училиштето кои опфаќаат санација на под, плафон и ѕидови.

Со ова значително ќе се подобрат условите за работа и одвивање на квалитетна настава. Самиот објект ќе добие нов лик, а учениците ќе добијат современо училиште во кое се остварува воспитно образовниот процес согласно најсовремените стандарди.



# СПОРТСКА САЛА ВО ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“



Ја имав честа, да го пречекам во својот кабинет и да му посакам добредојде, на амбасадорот на Република Италија во Скопје, господинот Андреа Силвестри.
Имавме работна средба, на која беше разговарано за нови проекти кои се во рамките на општина Кавадарци, билатерални бизнис можности, размена на искуства во руралниот туризам и културата, а меѓу другото беше разговарано и за можноста учениците од нашите основни и средни училишта да го изучуваат италијанскиот јазик, а со тоа и да се запознаат со еден нов јазик и една нова култура.



Воедно би сакал да му се заблагодарам на амбасадорот за упатените честитки по повод мојот втор мандат како градоначалник на општина Кавадарци.

Во посета на општина Кавадарци беа учениците од 4то одделение при ООУ ,,Гоце Делчев" Кавадарци, а повод беше дополнување на наставниот материјал за надлежности на локалната самоуправа, градоначалник и совет на општина.
Учениците беа примени од страна на градоначалникот Митко Јанчев, беа запознати со надлежностите на градоначалникот и советот, и им беше одговорено на поставените прашања согласно наставниот материјал кој го изучуваат во 4 одделение, но и дополнување на знаењата кои ги поседуваат. Прашањата кои му беа поставени беа конкретни, и одговорени во делот на нивните барања и потреби, кои што се планирани во изборната програма за идниот 4 годишен мандат.
Покрај ваквите прашања, како за крај на посетата, на градоначалникот му беше поставено прашање од еден ученик, кое што видно имаа намера да го постават и останатите:



Честитки за вашиот втор мандат и како е да се биде најуспешен градоначалник во Македонија?
Градоначалникот му се заблагодари, и одговори дека секоја професија си има своја тежина, но дали е тешка или лесна зависи од желбата да се завршат обврските, и дека тој своите си ги извршувал секојдневно.



Во работна посета на општина Кавадарци беше претседателот на Стопанска Комора на Македонија, г-дин Бранко Азески.
На средбата беа потенцирани можноста за соработка на стопанските субјекти со општина Кавадарци, како и создавање на услови за нови инвестиции на територијата на нашиот град кои ќе бидат од големо значење како за економски, така и за општествен развој.

Општина Кавадарци беше домаќин на првата конститутивна седница на Вардарски плански регион.

Во просториите на општина Кавадарци градоначалникот Митко Јанчев оствари средба со средношколци од Барселона, Шпанија. Тие се овде во рамките на младинска размена преку Еразмус плус програмата. За време на нивниот неколку дневен престој, нивни домаќини се млади од кавадаречката младинска организација, Совет за превентива против малолетничка деликвенција.



Градоначалникот Митко Јанчев оствари средба со сите претседатели и претставници на урбаните и месните заедници во Општина Кавадарци, кои имаа за цел да ги поттикнат граѓаните да дадат свој придонес во креирањето на програмите на општината, пред се програмата за комунална изградба за наредната година.На средбите



се разговараше и за актуелните проблеми и барања на граѓаните, а сите сугестии и барања ќе бидат дел од новите програми за комунална изградба, локален економски развој, како и во креирањето на новиот буџет на Општина Кавадарци за 2022 година.

Поголема сума од буџетот на општина Кавадарци, споредено со претходните години се одвојува за поддршка на невладиниот сектор во општината. На работен состанок со невладините организации се разгледуваа стратегијата за соработка и програмата за работа на невладините организации следната година.

МАТЕО ДЕ МАЈДА - ЗА ПРВ ПАТ ВО КАВАДАРЦИ

Изложбата покажува како македонците се подготвуваа за учество на ЕП во фудбал

Во Галеријата при Домот на културата “Иван Мазов - Климе“ беше отворена изложба на фотографии од италијанскиот фотограф Матео де Мајда, насловена како “За прв пат (La prima volta)“. Самата изложба има своја приказна.Имено минатото лето, фудбалската репрезентација на Северна Македонија за прв пат учествуваше на европското фудбалско првенство. Неколку недели претходно, италијанскиот фотограф Матео де Мајда (Matteo De Mayda) и новинарот Козимо Бизари (Cosimo Bizzarri) ја пропатуваа земјата и ги претставија нејзините жители како се подготвуваат за еден од најголемите спортски настани во својата историја. Изложбата ја организираше италијанската амбасада во соработка со ЛС Кавадарци и е дел од “Кавадаречка културна есен 2021“.На изложбата присуствуваа и одржаа пригоден говор, неговата екселенција Андреа Силвестри, амбасадор на



Република Италија во Македонија и градоначалникот на Кавадарци Митко Јанчев. Меѓу присутните имаше многу сегашни и поранешни фудбалери на ФК Тиквеш.

За прв пат во официјална посета на општина Кавадарци беше амбасадорот на Босна и Херцеговина во Македонија, Драган Јаќимовиќ кој оствари работна средба со градоначалникот Митко Јанчев. Се разгледуваа можностите за меѓусебна соработка.





Градоначалникот Митко Јанчев оствари средба со делегација од Општина Балчова од градот Измир, Турција, на која се зборуваше за досегашната соработка помеѓу двете општини и на која се разменија искуства за повеќе области.



Градоначалникот Митко Јанчев имаше средба со в.д директорот на Центарот за развој на Вардарско плански регион, г-ѓа Татјана Темелковска. Беа потпишани два договори за соработка, од кои едниот опфаќа ,,Зајакнување на капацитетот на територијалната противпожарна единица во Кавадарци преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно европските

стандарди”. Дел од овој договор се и општините Велес, Неготино, Свети Николе и вкупната вредност на истиот изнесува 24.600.000 денари.
Вториот договор опфаќа набавка, односно ,,Проект за инсталирање на мерни станици за смарт земјоделство во општините". Истиот значи поставување на 18 мерни станици за електронски мониторинг на атмосферските влијанија врз земјоделско обработливите површини на територија на општина Кавадарци.
Мерните единици ќе даваат точни информации за: влажност на воздухот, сончеви денови во годината, и количество на температурни осцилации.

Општина Кавадарци во соработка со Бирото за регионален развој, потпиша Договор за финансирање на проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за проектот,, Изградба на сервисна улица ,,1” и станбени улици 2,3, и 4 во ДУП ,,Дисанска” за што од страна на Бирото за регионален развој беа доделени финаниски средства во висина од 2.146.971 денари.
Вкупната вредност на проектот изнесува 6.305.153,00 денари од кои 4.158.182 денари ќе бидат учество на општина Кавадарци. Со изградба на овие улици ќе се овозможи развивање на современа и модерна инфраструктура на територијата на Општина Кавадарци.



Во посета на Општина Кавадарци беше младиот и инспиративен Христијан Митевски од Штип. Тој на средбата со градоначалникот Митко Јанчев меѓу другото беше запознаен и со работата на Локалната самоуправа. Притоа тој посети и неколку културни објекти во нашиот град.

## Спас за Тиквешко езеро!

Во просториите на Локалната самоуправа се одржа состанок по повод иницијативата Спас за Тиквешко езеро, поднесена и предложена од градоначалникот Митко Јанчев.
На состанокот присуствуваа пратениците од Кавадарци, Иницијативен одбор за спас на Тиквешко езеро, стручни служби во Општина Кавадарци, Еко живот, ОРЛЕ.



Свое излагање имаше и професорот Томе Лисичанец кој што меѓу другото зборуваше и за заштитената зона Тиквешко езеро, како и за неговите убавини. Туристичкото езеро пред се е направено за наводнување и за таа цел е направена на каналска мрежа. Треба да се има во предвид и значењето на слатките води вклучувајки го и Тиквешкото езеро во производство на храната. Имајки во предвид дека 40% од територијата на Општина Кавадарци е степа до полупустина, во такви услови да се остави Тиквешкото езеро на случајност е кратковидност со големи размери.
Овие заклучоци се донесени:
1. Пратениците од Општина Кавадарци во Парламентот на Македонија, да го актуелизираат прашањето за состојбата и опстанокот со ,,Тиквешко езеро,, пред соодветната комисија за европски прашања и заживотна средина во Републичкиот Парламентот и да иницира средба со Премиерот и Министерот за животна средина.
2. Здружението за заштита и унапредување на животната средина ,,ЕКО ЖИВОТ"-заедно со овластен инспектор за животна средина-Доне Илов, да изработат елаборат за влијанието на водостојот на езерото врз животната средина, минималниот биолошки опстанок на езерот и околината на Тиквешкото езеро.

3. Општина Кавадарци-Секторот за комунално уредување, урбанизам, заштита на животна средина, сообраќај Раководител-Драгослав Симоновиќ, да изработи елаборат за влијанието на водостојот на Тиквешкото езеро, во однос на заштитата на манастирите, црквите покрај езерото, и имотната состојба на објекти околу езерото со вредност на истите.
4. Здружение на Планинарско спортско друштво ,,Орле,, заедно со советникот за заштита и спречување од загадување на водата, земјиштето и заштита на природата- Зоран Младеновски да изработи елаборат во делот на спелеологијата и хидрологијата со кој што ќе се елаборира за заштитата на пештерскиот туризам, манастирскиот и црковен имот, во однос на нискиот водостој на ,,Тиквешко езеро,, .
5. Иницијативниот одбор да изработи елаборат во делот на влијанието од намалување на водостојот врз микроклимата на ,,Тиквешко езеро,, и стопанисувањето со истото. да изработат елаборат за влијанието на водостојот на ,,Тиквешко езеро,, врз издадените концесии за стопанисување со рибниот фонд во истото и целокупната аквакултура.



6. Советникот за заштита и спречување од загадување на водата, земјиштето и заштита на природата-Зоран Младеновски, да подготви елаборат за присуството на тешки метали во квалитетот на водата во ,,Тиквешко езеро,, и влијанието на истото во прозводството на земјоделски производи и квалитетот на храната, имајќи ја во предвид примарната намена на Тиквешкото езеро и направената каналска мрежа за наводнување на земјоделските површини;
7. Комисијата утврди дека горенаведените елаборати по однос на опстанокот на ,,Тиквешко езеро,, треба да се подготват најдоцна до 15.02.2022 година.

# НОВОГОДИШНИ И БОЖИКНИ ПРАЗНИЦИ




Кавадарци блесна со новогодишен сјај! Градот беше украсен како никогаш досега! На плоштадот и низ улиците можеа да се видат новогодишната декорација со нови украси, новогодишна елка и осветлување со кои се чувствува празничната атмосфера.За прв пат се организираше Божиќен пазар во украсени куќарки, каде кавадарчани ќе можат да навраќаат да се стоплат или освежат со некој пијалок, храна, но и да купат по некој новогодишен украс.



Децата се најважни!
И затоа како и секоја година, градоначалникот Митко Јанчев прво ги посети најмалите и најслатките, децата од детската градинка ,,Рада Поцева" им подари новогодишни пакетчиња и им посака многу здравје и среќа во новата 2022 година.

Новогодишна магија на Спортскиот центар Јасмин во Кавадарци.
Дали некогаш сте виделе Дедо Мраз да слета со хеликоптер?



Градоначалникот покажа дека знае како на необичен начин, да им го подобри новогодишното расположение на учениците од основните општински училишта.

Имавме атрактивен настан за кој ќе се зборува уште долго низ Кавадарци, а и во Македонија. Го прескокнавме вообичаеното и Дедо Мраз, а со него и Баба Мразица ги

донесовме од Лапонија со хеликоптер, во придружба на специјалци кои се погрижија да слетаат безбедно. Им беа доделени новогодишни пакетчиња на сите ученици од прво до петтто одделение од сите шест основни училишта во Кавадарци.



Во пресрет на Божиќните празници, Општина Кавадарци во соработка со неколку општествено одговорни компании од градот, со професионални готвачи од цела Македонија, организираше заеднички Бадников ручек за лицата кои се сами и осамени,без семејство,лица од социјално загрозените семејства.Допревме до нив и им понудивме дружење и славење на Градскиот плоштад во Кавадарци, ручек подготвен од рацете на нашите готвачи, баш како доликува за овој голем христијански празник кој веруваме дека ќе стане традиционален. На самиот ручек беа поделени околу 3000 порции храна, за лица кои дојдоа на плоштадот, и на оние кои не стигнаа да дојдат им испративме преку Црвен Крст и Банка за храна.







За многу години ,,Богојавление - Водици"
Оваа година Чесниот Крст е во рацете на Ѓорѓи Стојков. Му посакуваме многу здравје, благодет и среќа, нему и на неговото семејство.

Донации за Општина Кавадарци од страна на компанијата ,,Кожувчанка" остварени во 2021 година и дел во 2022 година

Договори за донација 2021 година

1. Договор за донација-услуга,
2. Донација на материјални добра - набавка и монтажа на елементи за инсталација за модуларна болница Кавадарци
3. Донација на материјални
4. Договор за донација на материјални добра безалкохолни пијалоци
5. Договор за Донација на материјални добра столбови за тротоар
6. Договор за донација во вредност од 25.000,00 денари од јавен интерес од областа на спортот
7. Донација на материјални добра на инсталација за медицински гасови за капацитет од 36 болнички кревети за модуларната болница тип Ц.
8. Донација на материјални добра - фудбалски
9. Донација на материјално добра Црква Вознесение Христово с.Криволак
10. Договор за Донација на финансиски средства во вредност од 20.000 ден со ДДВ, за набавка на лекови за лекување во ковид одделението – ЈЗУ Здравствен дом Неготино.
11. Договор за донација на услуга како јавен превоз на патници на релација КавадарциСтрагово-Крњево-Горна и Долна Бошава.
12. Донација на материјални средства - Сепариран песок 0-4 .
13. Донација на финансиски ФК ССК НОВА Скопје.
14. Донација на 4 палети негазирана вода – Министерство за здравство
15. Договор за донација на материјални добра - ПВЦ профили за реновирање соблекувални ФК Возарци
16. Донација на 66.456 парчиња негазирана вода од брендот Изворска во износ Министерство за здравство
17. Договор за донација на негазирана вода Изворска Клиника за урологија.
18. Донација на материјални добра - Клупи за хендикепирани лица,клупи за седење и канти

19.Донација на материјални Банка за Храна.
20.Договор за донација на материјални добра Министерство за внатрешни работи03-212/1 од
21.Договор за донација на материјални добра - негазирана вода галони од 6Л, и сок Синета Министерство за здравство
22.Донација за донација на финансиски ГФК Тиквеш.
23.Донација на финасиски средства за исплата на стипендии Фондација Никола Јанчев
24.Донација на финансиски  Инфинити Лајф
25.Донација на финансиски Инфинити Лајф
26.Договор за донација на материјални добра – Столбови за поставување на 20 броја сообраќајни знаци
27.Договор за донација на финансиски средства КК САНСАИ.
28.Договор за донација на финансиски Дарко Најдов
29.Донација на фонансиски средства МПЦ
30.Договор за донација на финансиски ГРК Тиквеш
31.Донација на материјални добра - регулатор за кислород за централен довод,комплет со овлажнувач и маска Општа Болница
32.Донација на материјални добра Банка за Храна
33.Договор за спонзорство за реализација на кампања за рак на БОРКА
34.Донација на финансиски КК Еуроникел
35.Донација на финансиски и материјални добра ГРОЗДОБЕРЧЕ 2021 година
36.Донација на финансиски средства Баскетбол Академи
37.Донација на финансиски средства ОК Синалко
38.Донација на материјални добра - превоз со мал автобус на релација Кавадарци Требиње
39.Договор за донација на материјални добра
40.Договор за спонзорство Златно славејче
41.Донација на технички уреди лаптопи и монитори на допир,на децата со оштетен слух,говор и глас Кочо Рацин/Словачка
42.Донација на движни ствари -клима уреди броја 3 со вклучена монтажа
43.Договор за донација Геодетски елаборат и Геодетско снимање за реализација на урбанистички план
44.Донација на материјални добра, образовни материјали

Страшо Пинџур
45.Донација на материјални добра во производи природна Изворска
Одбојкарска федерација
46.Донација на материјални добра - негазирана вода од 0,5
Министерство за здравство.
47.Донација на материјални добра - негазирана вода од 0,5
Министерство за здравство
48.Донација на материјални добра - негазирана вода од 0,5 литри
Министерство за здравство
49. Донација на финасиски средства за набавка на апарат AFFINITI 50 ULTRASOUND SYSTEM Фондација Никола Јанчев
50.Донација за набавка на мермер и оникс Православна епархија за Европа година.

Договори за спонзорство 2021 година
1. Договор за спонзорство на финансиски средства Авто клуб Стефановски
2. Договор за финансиски средства Федерација на училишен спорт.
Договори за донација 2022 година
1. Извршување на градежни работи за реализација на проект Изградба на нов парк во Кавадарци (парк Киро Крстев
2. Изработка на рамки за реклами на градски стадион
3. TV UHD FUEGO Општина
Кавадарци4. Договор за донација на материјални добра безалкохолни пијалоци Банка за храна

20.01.2022 година.
Вкупно донации и спонзорства 16.867.245,оо денари.

**100 дена Градоначалник**
**Отчет за реализирани проекти**
**Издавач: Општина Кавадарци - Локална самоуправа**
**Уредник: Сузана Андоноски**
**Лилјана Митрова**
**Дизајн: Петре Здравков**
**Печати: АРТ ПРИНТ СТУДИО**
**Насловна фотографија: Александар Ѓорѓиев**
**Тираж 500 примероци**
**Бесплатен примерок**




ОПШТИНА КАВАДАРЦИ